# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Одлука со која се врши намалување на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 0,51% во однос на одлуката од 20.06.2022 година.

Референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар во споредба со претходната пресметка бележат намалување кај бензините во просек за 1,537%, кај дизелот зголемување во просек за 0,460%, кај екстра лесното масло зголемување во просек за 0,935 % и кај мазутот намалување во просек за околу 3,484%, поради што во структурата на цените на нафтените деривати е извршено соодветно прилагодување.

**Малопродажните цени на бензините ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98, ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) и Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) не се менуваат, додека малопродажната цена на Мазутот М-1 НС се намалува за 1,447 ден/кг и сега ќе изнесува 55,291 ден/кг.**

**Од 23.6.2022 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:**

- **Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 - 110,00 (денари/литар)**
- **Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 - 112,00 (денари/литар)**
- **Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) - 110,00 (денари/литар)**
- **Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) - 107,00 (денари/литар)**
- **Мазут М-1 НС - 55,291 (денари/килограм)**

Курсот на денарот во однос на доларот во изминатиот период по кој беа формирани цените со претходната пресметка е **повисок за 0,360 %**.

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 23.6.2022 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

22.6.2022

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-036/2019

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk